# ИЗЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Со оваа Изјава за приватност се објаснува видот на лични податоци што Друштво за трговија и услуги АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул Босфор бр.1, 1041 Мралино, Илинден, во својство на Контролор на лични податоци (во натамошниот текст: АТУ МАКЕДОНИЈА), ги собира преку системот за вршење на видео надзор поставен во деловните простории и слободните царински продавници, лоцирани на Меѓународниот Аеродром во Скопје и Аеродромот Свети Апостол Павле во Охрид.
Покрај тоа, со Изјавата детално се појаснува како АТУ МАКЕДОНИЈА како контролор на личните податоци ги користи овие податоци и за кои цели.

## 1. Зошто ги собираме (обработуваме) Вашите лични податоци?

АТУ МАКЕДОНИЈА ги собира Вашите лични податоци преку системот за вршење на видео надзор поставен во деловните простории и слободните царински продавници, за да обезбеди заштита на животот и здравјето на вработените заради природата на нивната работата, за да обезбеди контрола над влегувањето и излегувањето во и од деловните простории и слободни царински продавници, само за безбедносни цели, како и заради заштита на сопственоста односно имотот (заштита од оштетувања и кражба на производи, кражба на пари и друг имот).

Системот за вршење на видео надзор не се користи за ниту една друга цел, освен за погоре наведените.

Во деловните простории и слободните царински продавници на АТУ МАКЕДОНИЈА се поставени видео камери кои што обезбедуваат единствено визуелни снимки на физичките лица (ликот и физичкиот изглед на лицата, вклучително и малолетни лица) кои ги посетуваат деловните простории и слободните царински продавници и влегуваат во фокусот на камерите.

Камерите ги снимаат вработените и патниците кога ќе влезат во нивниот фокус.

Системот за вршење на видео надзор не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази за внатрешни истраги во АТУ МАКЕДОНИЈА, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент поврзан со целта заради која е воспоставен видео надзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до надлежните органи во рамките на формална кривична постапка).

## 2. Какви податоци собираме?

Преку системот за вршење на видео надзор, АТУ МАКЕДОНИЈА собира само визуелни снимки од физички лица (ликот и физичкиот изглед на вработените и патниците). Притоа, не се врши тонско снимање.

## 3. Кој е одговорен за обработка на податоците?

АТУ МАКЕДОНИЈА врши обработката на личните податоци и ги утврдува целите на обработка, во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Ана Јовановска, одговорна за човечки ресурси во АТУ МАКЕДОНИЈА е контакт лице и одговорно лица за вршење на видео надзор.

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор?**

АТУ МАКЕДОНИЈА користи опрема за видео надзор за обезбедување:

- заштита на живот и здравје на вработените заради природата на нивната работата,
- контрола над влегувањето и излегувањето од деловните простории и слободните царински продавници за безбедносни цели и
- заштита на сопственоста.

Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, во секој одделен простор што е под видео надзор, има видливо и јасно истакнато известување за видео надзорот кое им овозможува на вработените и патниците да се запознаат со вршењето на видео надзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**5. Кој може да ги види Вашите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор.

Пристапот до мрежните видео рекордери (NVR-и) на кои се чуваат видео записите е ограничен на администраторот на системот за вршење на видео надзор.

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат единствено лица кои се овластени од страна на Оперативниот директор на АТУ МАКЕДОНИЈА, како и лица кои се вработени во ТАВ МАКЕДОНИЈА или друго Друштво кое го одржува системот за вршење на видео надзор врз основа на договор за обработка на лични податоци.

Пристапот е заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од овластените лица)

**6. Како да ги контролирате Вашите податоци?**

Доколку имате какво било прашање во врска со обработката на Вашите лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, може да испратите барање до АТУ МАКЕДОНИЈА на е-адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или барањето да го доставите лично во нашите деловни простории.

**7. Дали може да пристапите до Вашите податоци?**

Вие имате право да побарате потврда дали се обработуваат Вашите лични податоци, како и да пристапите до Вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до АТУ МАКЕДОНИЈА на е-адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или со лично доставување на барањето во нашите деловни простории.

**8. Дали можете да ги менувате Вашите лични податоци?**

Не е дозволено менување на видео записот од извршениот видео надзор.

**9. Дали може да побарате ограничување на обработката на Вашите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на Вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање до АТУ МАКЕДОНИЈА на е-адреса ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ

МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или со лично доставување на барање во нашите деловни простории, во случај кога ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци, или кога нам повеќе не ни се потребни податоците за остварување на целите на обработката.

Вие исто така, можете да ја ограничите обработката и кога обработката е незаконита, а Вие се спротивставувате на бришењето на личните податоци.

Сепак, ограничувањето на обработката на Вашите лични податоци не е можно во случај на службена истрага.

**10. Дали може да побарате бришење на Вашите податоци?**

Вие имате право да побарате бришење на Вашите податоци во секое време со испраќање на барање до АТУ МАКЕДОНИЈА на е-адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или со лично доставување на барање во нашите деловни простории, во случај кога личните податоци биле незаконито обработени или повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани.

Образецот на барањето од точка 7, можете да го побарате доколку го контактирате офицерот за заштита на лични податоци на следната е-маил адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com.

**11. Дали се споделуваат Вашите лични податоци со трети страни?**

Вашите лични податоци ги чуваме и не ги споделуваме со други лица, освен ако Вие не побарате или пак дадете согласност истите да бидат споделени.

Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

**12. Дали имате право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање до АТУ МАКЕДОНИЈА на е-адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или со лично доставување на барање во нашите деловни простории, кога имате легитимни причини во врска со Вашата конкретна ситуација.

**13. Што можете да направите во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да не известите за проблемот преку е-адреса: ana.jovanovska@atudutyfree.com или на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ул. Босфор бр. 1, 1041 Мралино Илинден или лично во нашите деловни простории, и да побарате да преземе конкретна активност.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци: Маријана Марушиќ Кос на e-mail: marijana@marusic-kos.mk

Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по Вашето барање и ќе ги преземе потребните мерки.

**14. Кога ќе започне обработката на Вашите лични податоци преку системот за видео надзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе влезете во фокусот односно видокругот на камерите кои се поставени во деловните простории на АТУ МАКЕДОНИЈА и трае додека не излезете од фокусот односно видокругот на камерите.

**15. Безбедност на личните податоци**

Ние сме посветени на заштита на Вашите лични податоци. Затоа, обезбедуваме соодветни технички и организациски мерки за безбедност при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор со кои се гарантира заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на Вашите лични податоци. Ние ги штитиме Вашите лични податоци од неовластен пристап и неовластена употреба или откривање на податоците.

**16. Колку долго ги чуваме Вашите податоци?**

Снимките од видео надзорот, односно Вашите податоци ги чуваме до исполнување на целта заради која се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, сметано од денот кога е направена поединечната снимка. По истекот на рокот од 30 дена, снимките од видео надзорот автоматски се бришат.